**Кониково, Беломорска Македонија - 18 век**

**Текстот е најден во библиотеката на православната црква од Александрија во Египет, го пронајде во 2003 г. Финскиот историчар и филолог Мика Хакараинен [Mika Hakkarainen] од Универзитетот во Хелсинки. Ракописот претставува оригинал на преводот од евангелието, и е најстаро евангелие на Македонски народен јазик, не црковен. Направен е во форма на Литургиска книга напишана рачно на Унцијално Којне писмо од непознат преведувач при крајот на 18-от век, и препишана и правописно исправена од Иромонахот Павел Божигропски Протосингел, родум од Кониково, Воденско, Беломорска Македонија.**

**Текстот го препишале од оригиналниот ракопис Финскиот лингвист Јоуко Линтстед [Jouko Lindtstedt] и Људмил Спасов од Универзитетот „Кирил и Методија” во Скопје. Во преписот се користени Латинското писмо и комбинации на обични и апострофирани Латински букви за најприближни озвучувања на живописните букви и глоси (гласови) кои се исфрлени од модерниот Македонски јазик (Ъ, Ы, Ь, Ю, Я, Щ, и т.н.) кон средината на минатиот век. Заради полесно читање и приближување на наречјето од тоа време кон денешниот читател, во кириличната транскрипција подолу овие правописни посебности се занемарени и оставени на изучување на лингвистите...**

**[стр.070] ЛУКИ**

**НЕДЕЉА. 1.**

**От Луки.**

НА тоа време. стоеши Исус при Ѓолут Генисарецки. И ету две сјајки дека стоеја уф Ѓолут: и рибариту ка ислегоа ут сјајките исплакнуваа мрежите. И Исус флезе уф ина ут сјајките, [стр.071] таа што беши на Симон, и му се моли да гу утдалече троа ут земљата: и сенна и учеши људиту ут сјајката. И ка павса да зпурува, рече на Симон: оди понадлабоку, и фарлејте мрежите ви да фатите риби. И отвешта Симон, и му веле:

Дидаскале, сата ноќа са мачихме, та не фатихме ништу: ами сега сос лакардиата ти да фарлам мрежите. И ка чиниа воа, затфориа многу бис број риби, дека мрежата му са расчеснуваше. И накимнаа на дружината му дека беа уф другата сјајка, и дујдоа, и напалниа и двете сјајки, толку дека сакаа да путонат. И ка виде воа Симон Петар, панна на кулената Исусуви, и велеши: Господине, испанни ут мене, зашто јазе сам чувек грешен. Зашто и фати потрес, и воа Петар и друзите сите, што беа зајно сос негу, зарди ловут на рибите. Така и Јакова [стр.072] и Јоана Синувите на Зеведеа, тие што беа уртаци сос Симон, и веле Исус на Симон: ним са бои, утсега нака ќи ловиш људе, живи. И ка исвадиа сјајките на земљата, и уставиа сите, и утидуа пу негу.

**НЕДЕЉА. 2.**

**От Луки.**

РЕче Госпот, кату ка сакате да ви чинат људиту, така чинејте и вие на них. И аку милувате тие што милуват, што дарба имате, зашто и грешните милуват тие што и милуват. И аку чините арну на тие што ви чинат арну, што дарба имате, зашто и грешните воа чинат. И аку зајмувате на тие ут тие што имате ниет да и земите пак, што дарба имате, зашто и грешните на грешни пузајмуват, да восприемнат равну. Ами вие милувајте душманито ви, и му [стр.073] чинејте арну, и пузајмувајте и ним ундисајте ништу ут воа: и ќи биде платата ви многу, и ќи са чините синуве на вишниут, зашто воа е благ на неблагударните, и сијрете. Чинејте се убо и вие милостиви, кату ка е милостив и Татку ви.

**НЕДЕЉА. 3.**

**От Луки**.

НА тоа време, утиде Исус на идин Грат дека гу велеа Најн: и зајно сос негу одеа и Ученици многу: и калабалак многу. И ка наближиа на портата на Градут, ету и исваѓат идин мартовиц: и тоа беши син единороден на мајка му, и она вдувица: и народ многу беше зајно сос неја. И ка ја виде Госпут, му думиле за неја: и му веле: ним плакаш. И утиде близу, и фати одарут, и тие дека гу дарчеа застанаа, и рече на умрењут: о младе на тебе вељам, стани горе. И [стр.074] умрењут стана и сенна, и зафати да зпурува, и гу

даде на мајка му. И страх гулем и фати сите, и пруславиа Бога: зашто гулем Профитин стана на родут ни, и зашто Бог пуглена људито му.

**НЕДЕЉА. 4.**

**От Луки.**

РЕче Госпот Приказната ваа. Излезе сејачут да сее семито му, и таму дека сееши, другу панна на патут, и са истапка, и пилиштата небесните гу изедоа. И другу панна на патут, и ка исникна са исуши, кату да нема влага. И другу панна внатре уф траниту, и кату да изникнат зајно сос траниту гу удавиа. И другу панна на земљата арната и изникна, и чини род што ката. И Учениците му гу питаа, и велеа: што ќи каже приказната ваа. И Исус рече: на вас са даде да пузнавате [стр.075] тајните Можје на царствуту, ами на друзите зпурувам сос прицти, да не видат гледајке, и гледајке да не видат. И Приказната е ваа: семиту е лакардиата Божие. И тие дека са сејани на патут, са тие што слушјат: напуком оде диаволут, и кренува лакардиата ут сарцито му, да не веруват и са спасат. И друзите дека са сејани на патут, са тие кога чуат сос радус примуват лакардиата: ами вие корен немат, и тие уф малце времи веруват, и кога дојде беља утдалечуват. И тоа дека панна уф траниту, са тие дека чуа лакардиата, и ут печалбите на сфетут, и ут иманиту, и ут наслаждениту на животут са удавуват, и не чинат род. И тоа дека панна на земљата арната, са тие, тие што чуа лакардиата богува, и ја чувата внатре уф сарциту арнуту и благуту, и сос тарпениту чинат род. Вие ка учеши викаше: кој има уши да слушја, нека слушја.

**[стр.076] НЕДЕЉА. 5.**

**От Луки.**

РЕче Госпот, некуј чувек беше богатин, и са ублечуваше царвени и висини руби, и са веселеши на секуј ден сфетло. И имаше и идин сиромах имито му Лазар, и тоа беше фарлен прет вратата му пален рани. И питимисаше да са најаде ут ронките дека паѓаа ут трапезата на богатинут, ами кучињата идеа и лижеа раните му. И дујде времи и умре сиромаут, и гу зеа Аѓелиту, и гу утнесоа на пазвата Аврамјува: и умре и зенгинут и са закупа. И внатре уф пеколут ка са наоѓаши на маките: си крена очите и виде Аврама ут

далеку, и Лазара уф пазувите му. И воа викна, и рече: О Татко Авраме пужалај ма, и пушти Лазара да путопи краита на прастут му уф водата да расладе јазикут ми, зашто са мачам внатре уф огенут [стр.077] воа. И Аврам му рече: о чедо, смисли, зашто ти си зе дубрините ти на животу ти, и Лазар такожде злините: и сега воа са моле, и ти са жаљуваш. И наврас сите вие, меѓу вазе и на нас има гулема пропаст, зарди да не можат тие дека сакат да заминат, уттуа на вас, нето тие дека са уттаму, да заминуват на нас. И он рече: ти са молам убо, о татко, да гу пустиш на куќата Таткувата ми. Зашто имам пет брате, да му мартириса вие, да не дојдат и они на местуту воа на маката. Му веле Аврам: имат Мојсеа и Профититу, нека слушјат них. И он рече: не, Татко Авраме, ами аку оде некуј ут умрените на них, ќи са пукајат. И Аврам му рече: аку Мојсеа и Профититу не слушјат, нету аку ужувее некуј ут умрените ќи гу веруват.

*Приготвил: Васил Чулев*

*Комплетниот текст овде:*

http://www.helsinki.fi/~jslindst/268/



